Врз основа на член 48 од Статутот на Сигурносно Стакло АД Прилеп, Собранието на акционери на својата редовна седница одржана на 29.04.2023 година, ја донесе следната:

СИГУРНОСНО СТАКЛО
Акционерско друштво
Бр 02-40/1
29.04.2023

# ОДЛУКА

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ, заради обезбедување на наплата на максималниот износ на вкупните побарувања (трошоци, провизии, камати, главен долг) на СБ по основ на Договорот за мултивалутна кредитна рамка со сите идни анекси, во износ до МКД 30.750.000 / ЕУР 500.000 зголемен за камати (договорна и казнена) и трошоци на начин предвиден во Договорот за кредитна рамка заведен кај Стопанска банка АД Скопје под бр 20/3302-869 од 23.11.2021 година и кај Друштво за производство, трговија, градежништво и услуги ИЗО СТАКЛО увоз-извоз ДОО Прилеп под бр. од во својство на корисник на кредит со сите анекси за измени и дополнувања на Договорот предложени од страна на Стопанска банка АД Скопје, да се заснова заложно право врз:

- Недвижен имот - деловен простор-хала, магацин со административен простор со сите прирасоци и припадоци во Прилеп евидентирани во Имотен лист бр.33776 за КО Прилеп. сопственост на СИГУРНОСНО СТАКЛО Акционерско друштво ПРИЛЕП.
- Дуќан на ул. Борис Кидриќ, бр.88, Прилеп на КП 10389/3, со вкупна површина од 30м2

2.СЕ ОВЛАСТУВА лицето Најдоски Драган, Извршен Директор, или лице овластено од него, самостојно и без ограничување да ги преземе следните дејствија и тоа : да ги потпише нотарските акти за засновање на заложно право во полза на СБ од точка 1 од оваа Одлука и сите анекси кон истиот и/или нови нотарски акти, да потпише/издаде изјави, специјални полномошна како да ја потпише целокупната писмена документација потребна за имплементација на Договорот за кредитна рамка со сите анекси кон него и да ги преземе сите потребни дејствија заради реализација на Договорот за кредитна рамка со сите анекси кон него од точка 1 од оваа Одлука.

3. Се потврдува дека согласно Законот за трговски друштва заложувањето на предметот на залог по основ на Договорот за кредитна рамка наведен во точка 1 од оваа Одлука, претставува голема зделка која изнесува над - 34.3% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото според последните ревидирани финансиски извештаи и според одредбите на Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото, па во таа смисла Собранието на акционери е овластено да ја одобри таквата зделка со оваа Одлука.

4. Се потврдува дека Собранието на акционери согласно Статутот/Актот за основање на Друштвото и Законите е овластен и надлежен да одлучува за сите одобрувања наведени во оваа Одлука, дека не постои било каков конфликт на интереси при одлучувањето, како и дека други дополнителни согласности од други органи и лица на Друштвото не се потребни и дека не постојат правни или било какви пречки за спроведување на оваа Одлука.

**5.** Оваа Одлука во смисла на член 460 од ЗТД се однесува и на одобрување на зделка со заинтерсирана страна во смисла на задолжувањето на Друштво за производство, трговија, градежништво и услуги ИЗО СТАКЛО увоз-извоз ДОО Прилеп каде Најдоски Драган кој е сопстеник и управител, а Најдоска Жаклина е сопственик на Друштво за производство, трговија, градежништво и услуги ИЗО СТАКЛО увоз-извоз ДОО Прилеп, а воедно се и мнозински акционери во СИГУРНОСНО СТАКЛО Акционерско друштво ПРИЛЕП односно двајцата заедно поседуваат 14153 акции .

**6.** Собранието на акционери е запознаено со содржината на Договорот за кредитна рамка наведен во точка 1 од оваа Одлука и со сите услови содржани во Одлуката од надлежното кредитно тело на Стопанска банка АД Скопје кое ја одобрило кредитната рамка во износ од МКД 30.750.000 / ЕУР 500.000 со камата и трошоци и во таа смисла целосно ги прифаќаат договорните обврски и услови кои треба да ги исполни/исполнува СИГУРНОСНО СТАКЛО Акционерско друштво ПРИЛЕП.

**7.** Доколку во врска со Договорот за кредитна рамка наведен во точка 1 од оваа Одлука во иднина се јави било каква потреба од промена на условите на договорот, продолжување на рок на важност, реструктуирање на побарувања, склучување на анекси, промена на обезбедувањето на побарувањата и инструментите за обезбедување, промена на предмет на залог и/или воспоставување на залог над друг недвижен имот, подвижни ствари или побарувања вклучувајќи и точно дефинирање на имотот кој ќе биде предмет на залог, СЕ ОВЛАСТУВА Одборот на директори на СИГУРНОСНО СТАКЛО Акционерско друштво ПРИЛЕП, во име на Собранието на акционери да ги донесе сите потребни одлуки и да го овласти Извршниот директор Најдоски Драган да ги преземе сите потребни дејствија без било какво ограничување

8. Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

Доставено:

2. Одбор на директори
3. Архива
4. Собрание на акционери
5. Книговодство

ПРЕТСЕДАВАЧ

-----------------------------